# Докторските студии -трет циклус во високото образование на РМ

Проф. Д-р Марика Башеска – Ѓорѓиеска
УКЛО, Економски факултет-Прилеп

# Osnovnata cel na ovoj proekt беше

da se razvie procedura, metodologija i izgotvi dokumentacija za sistemot na doktorski studii vo oblasta na op{testvenite nauki vo Makedonija, vo soglasnost so Bolowskata deklaracija i nacionalnata zakonska regulativa povrzana so visokoto obrazovanie.

# Докторските студии во рамките на болоњскиот процес:

- Берлин, 2003 година, (Berlin Communiqué) за прв пат се додаваат докторските студии како трет циклус на студии во високото образование.
  - се потенцира значењето на врската помеѓу третиот циклус на образование и истражувањето како прва фаза во кариерата на младите истражувачи, односно врската помеѓу Европското високо образование (EHEA) и областа на истражување (ERA).
- Берген, мај 2005 (Bergen Communiqué)

- EAU му дава главен приоритет на докторатот
- Преку проектот „ Докторските програми за Европското општество на знаење“ (European Knowledge Society) ***го отвора дијалогот меѓу универзитетите и министерствата за образование за реформи на докторските програми.***
- во 2005 година во Салцбург одржан Болоња семинар и усогласени и донесени ***десет основни принципи*** на идниот развој на докторските програми.

## Лондонска конференција на министрите за високо образование во 2007

- ЕАУ изготвува Извештај за идниот развој на докторските програми и основните принципи на нивно функционирање
- уште еднаш се потврдува дека докторските програми претставуваат **трет циклус** на образование и во исто време претставуваат **прва фаза** во кариерата на младите истражувачи.
- во Извештајот се нагласува дека **клучна компонента на третиот циклус *е напредокот во знаењето* постигнат преку оригинално истражување што го прави третиот циклус единствен и различен од првиот и вториот.**
- Заради тоа, **фазата на обука во рамките на докторските студии го сочинува главниот линк меѓу областите на високо образование и истражувањето.**

# Проектот DOCSTUD

- имајќи ги предвид:
  - сознанијата за начинот на организирање и функционирање на системите во земјите партнери во проектот,
  - условите на функционирање на првите два циклуси на образование во МК, како и целокупното окружување,
- конзорциумот на проектот осмисли еден систем (модел) на докторски студии

# ПОЈДОВНИ ОСНОВИ НА МОДЕЛОТ

- **Болоњската декларација и сите релевантни документи поврзани со неа**
- **Искуствата од повеќе универзитети од ЕУ а особено на партнерските институции во овој проект.**
- **Законската рамка за организацијата на високото образование во Р. Македонија а во тој контекст особено за докторските студии.**
- **Реалните состојби и процеси во високото образование во Р. Македонија и начинот и динамиката  на неговата трансформација соглсно со Болоњска декларација и европските високобразовни стандарди.**

# Правна рамка за остварување на докторски студии

- Според ЗВО на МК:
  - трет циклус на универзитетски студии се докторските студии кои траат по правило, три години и носат 180 ЕКТС.
  - на докторски студии можат да се запишат кандидати по завршувањето на вториот циклус на академски студии.
  - Универзитетот со општ акт го уредува стекнувањето на ЕКТС кредитите на докторските студии и ги пропишува ЕКТС кредитите потребни за пријава на докторски труд.

- Докторските студии  се завршуваат со полагање на сите испити, изработка и одбрана на докторски труд (дисертација).
- Со јавната одбрана на докторскиот труд се стекнува научен назив доктор на наука (dr.sc)

# 1. Услови за пријавување и запишување на кандидатите на студиска програма на докторски студии

- Кандидатите се пријавуваат врз основа на објавен Конкурс. Во конкурсот прецизно се дефинирани условите и критериумите за пријавување и запишување на докторските студии.
- на предлог на ННС на Единицата на универзитетот, Ректорската управа на универзитетот ги определува:
  - Условите за пријавување и запишување, бројот на кандидатите, износот на сумата што ја плаќаат кандидатите
- Конкурсот  за запишување се објавува најдоцна 5 месеци пред почетокот на докторските студии.

# Услови за пријавување на докторски студии :

- кандидатите да имаат завршен втор циклус на студии
- вториот циклус да биде компатибилен (соодветен) со профилот на докторските студии
- за кандидатите од сродна научна област универзитетот / факултетот / програмата утврдуваат дополнителни услови за запишување

# 2. Академски тела

- За спроведување на студиска програма од трет циклус на студии – докторски студии во Универзитетот се формираат академски тела на две нивоа и тоа:
  - ***Совет на докторски студии на ниво на универзитет***
  - ***Совет на докторски студии на ниво на единица на универзитет***

# Советот на докторски студии на ниво на универзитет

- го сочинуваат:
- (1) раководителите на докторските студии на Единиците на универзитетот
- (2) надлежниот-те проректор-ри
- (3) тројца членови од различни научни области
  - кои што на предлог на Ректорот од редот на редовните професори ги бира Сенатот на универзитетот
  - со мандат од 3 или 4 години .
  - Мандатот на останатите членови на Советот на докторските студии на универзитетот трае согласно со вршењето на нивните функции.
- Со Советот претседава проректорот за настава.

# Советот на докторски студии на ниво на единица на универзитетот го сочинуваат:

- 5 професори од единицата на универзитетот кои ги избира ННС
- 2 професори од редот на професорите од соодветна научна област од универзитетот кои на предлог на ННС ги избира Советот на докторски студии на универзитетот.
- Раководителот и секретарот на докторските студии на единицата на универзитетот кои ги избира ННС за период од три години
- Мандатот на членовите на Советот трае три години
- претседава Раководителот .

# 3.Административна логистика

- Административната поддршка на докторските студии и академските единици ќе ја извршуваат служби и тоа:
  - На ниво на Универзитет
  - На ниво на единица на универзитет

# 4.Структура на докторските студии

- **Докторските студии можат да бидат само академски**.
- Докторските студии се состојат од две фази:
  - Фаза на обука за истражување
  - Фаза на изработка на докторска дисертација

| Прва фаза | | Втора фаза |
|---|---|---|
| **обука за истражување** | | **докторска дисертација** |
| • предмети (задолжителни и изборни),<br>• докторски семинари<br>• мал пишан труд (пилот истражувачки труд) | Еден труд – рецензиран и објавен | • подготовка на тези - оригинално истражување на кандидатот<br>• пријавување на тези и нивна одбрана<br>• работа на дисертацијата<br>• јавна одбрана на дисертацијата |

- Со запишувањето на докторските студии кандидатот се стекнува со статус на <u>студент на докторски студии</u>
- Со  завршувањето на првата фаза, односно по изработката и позитивната оценка на трудот студентот се стекнува со статус на <u>кандидат за докторат на науки</u> (PhD кандидат)

# 5. Процедура и надлежности

- **Прва фаза:**
  - ***Прва година:***
- Наставни предмети и/или семинари
  - **I семестар** – наставни предмети и /или семинари
    - Задолжителни
      - Методологија на истражување во општествените науки
      - Општ предмет од научната област на докторската програма

## **II семестар** - наставни предмети и /или семинари

- Изборни предмети – избор на 3 предмети од понудени 5 од научната област
- Семинар –методи на истражување во специјализираната област
- Семинар за вештини за пишување научен труд

**Втора година**

- Мал пишан труд –пилот истражувачки труд

  околу 20 страници, на актуелна проблематика во областа и оценет од ментор.

# Втора фаза:
# *Втора  и трета година:*

- Пријавување, изработка и одбрана на докторска дисертација
  - Целта на докторската дисертација е авторот да даде придонес преку оригинално истажување што ги проширува границите на знаењето

- пријавување на тези и нивна одбрана
  - Одлука за подобност на тема, тези и кандидат носи Советот на докторски студии на ниво на единица на универзитет
  - Тезите на докторската дисертација ги одобрува и се бранат пред Комисија од три члена и сите припаѓаат на научната област. Притоа: еден член од факултетот (ментор) , еден од универзитетот и еден од друг универзитет (национален или меѓународен)

# Менторство

- се организира преку два ментора: *интерен и екстерен*, при што интерниот е од единицата кадешто е организирана судиската програма, а екстерниот од универзитетот каде е членка единицата или пак од друг универзитет

# докторска дисертација и нејзина изработка

- докторската дисертација треба да биде во рамките на 200 – 300 страници
- Во текот на втората фаза – фазата на докторска дисертација кандидатот е должен до Менторите два пати годишно да поднесува извештај за постигнатиот напредок .

- Дисертацијата ја оценува Комисија составена од 5 члена и тоа: интерниот ментор, двајца професори од единицата на универзитетот и два члена од универзитетот или друг универзитет .
- Извештајот за оценката на предлог на Советот на докторски на единицата го усвојува ННС на единицата. Извештајот се доставува и до Советот на докторски студии на универзитетот и истиот се објавува во Билтенот на универзитетот.

# јавна одбрана на дисертацијата

- Одбраната на докторската дисертација е јавна и се врши во просториите на единицата на универзитетот каде е организирана студиската програма
- јавната одбрана пред комисија од пет члена која што по правило е во истиот состав како и комисијата за оценка. Одлуката за составот се носи на истата седница на која што ННС се изјаснува за извештајот за оценка.

- Резултатите од докторската дисертација се изложуваат во вид на дисеминација на ниво на Универзитет
- Резултатите од докторската дисертација се објавуваат во научното списание на универзитетот како и во најмалку уште едно научно списание најдоцна една година после одбраната на дисертацијата.

# 6. Распоредување на ЕКТС

- За предметите/семинарите во првиот семестар се доделуваат вкупно 30 кредити
- За предметите/семинарите и изработениот труд во вториот семестар и се доделуваат вкупно 60 кредити
- За фазата на докторска дисертација се доделуваат 90 кредити

# 7. Јазик на докторските студии

- Јазикот на кој ќе се изведува наставата, семинарите, полагаат испитите, пишуваат текстовите е македонски/албански, а за определени делови –англиски.
- Докторската дисертација мора да биде пишувана на македонски/албански јазик
- Советот на докторски студии на ниво на Универзитет/единица на Универзитет одлучува за деловите што можат да бидат реализирани на англиски јазик.

# 8. Финансирање на докторските студии

- Кандидатите за докторски студии ги покриваат трошоците за студирање на следниве начини:
  - Самостојно
  - Преку вклучување во наставно-образовниот процес (вежби)
  - Со користење стипендии од државата
  - Со користење стипендии од меѓународни фондови